# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 42 Год. LXIV Понеделник, 31 март 2008 Цена на овој број е 150 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 719. | **Одлука** за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Обединетите нации UNIFIL во Либан............ | 1 |
| 720. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за пуштање на пазар и ставање во употреба на моторни возила, приклучни возила, опрема и делови кои можат да се вградат и/или да се користат на нив.................................................... | 2 |
| 721. | **Правилник** за постапки при вонредни настани случени во железничкиот сообраќај............................................... | 5 |
| 722. | **Национална сортна листа**................. | 28 |
| 723. | **Решение** на Министерството за локална самоуправа......................................................... | 31 |
| 724. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата..... | 31 |
| | **Огласен дел**.......................................... | 1-32 |


**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**719.**

Врз основа на член 41 став 3 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" број 42/2001, 5/2003 и 58/2006), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 март 2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИК НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНАТА ОПЕРАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ UNIFIL ВО ЛИБАН

1. За учество во мировната операција на Обединетите нации UNIFIL во Либан, се испраќа припадник на Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата), и тоа:

- еден штабен офицер во Здружената оперативна команда на мировната операција UNIFIL во Либан.

2. Припадникот на Армијата од точката 1 на оваа одлука, се испраќа за период од 12 месеца, сметано од почетокот на мај 2008 година.

3. Финансиските трошоци за плати и надоместоци на плати на припадникот на Армијата од точката 1 на оваа одлука ги обезбедува Министерството за одбрана.

4. Подготовките и организацијата на припадникот на Армијата за учество во мировната операција ќе ги изврши Министерството за одбрана.

5. По завршувањето на учеството во мировната операција Владата на Република Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07 - 1560/1
28 март 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**720.**

Врз основа на член 20, став 4 од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/2006 и 63/2007), министерот за економија, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПУШТАЊЕ НА ПАЗАР И СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА, ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА, ОПРЕМА И ДЕЛОВИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ ВГРАДАТ И/ИЛИ ДА СЕ КОРИСТАТ НА НИВ

Член 1

Во Правилникот за пуштање на пазар и ставање во употреба на моторни возила, приклучни возила, опрема и делови кои можат да се вградат и/или да се користат на нив(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 134/2006, 9/2007 и 156/2007), во членот 3 се додава нов став 2, кој гласи:

“Хомологација не се врши за тип на возило која важи за неопределен број на нови возила од ист тип кои се увезуваат во Република Македонија.“

Член 2

Во членот 4 по зборот “увозот“ се додаваат зборовите: “на возилата од член 3 став 1 на овој правилник“.

Член 3

Во членот 7 зборовите: “ за тип возило која важи за неопределен број на возила од ист тип или“ се бришат.

Член 4

Во членот 8 ставот 1 се менува и гласи:

“За типот на возилото како целина се потврдува сообразноста на возилото со техничките прописи што се однесуваат за возилото, а кои се применуваат во Република Македонија на денот на увозот на возилото“.

Ставовите 2 и 3 се бришат.

Ставот 4 кој станува став 2 се менува и гласи:

“Сообразноста на тип на возило со техничките прописи се потврдува со одобрение за тип на возило (Прилог 3) издадено од страна на административното тело за хомологација во Бирото за метрологија при Министерството за економија (во натамошниот текст: комисија) во рок од три дена по приемот на барањето“.

Ставот 5 се брише.

Во ставот 6 кој станува став 3 зборот “сертификатот“, се заменува со зборот “одобрението“, а зборовите: “за хомологација се бришат“.

Во ставот 7 кој станува став 4 зборовите: “Сертификатот за хомологација на тип возило“ се заменуваат со зборовите: “Одобрение за тип на возило“.

Во ставот 8 кој станува став 5 првата реченица се менува и гласи:

“Изјава за сообразност на возилото со тип на возило (Прилог 4) се издава врз основа на одобрение за тип на возило“.

Во ставот 9 кој станува став 6 зборовите: “со хомологиран тип“ се заменуваат со зборовите:“на возило со тип на“.

Во ставот 10 кој станува став 7 “со хомологираниот тип“ се заменуваат со зборовите: “на возило со тип на“.

Во ставот 11 кој станува став 8 бројот “4“ се заменува со бројот “2“.

Во ставот 12 кој станува став 9 зборовите: “4 и 8“ се заменуваат со зборовите: “2 и 5“.

Член 5

Во членот 9 во ставот 4, зборовите: “сертификат за хомологација на тип возило“ се заменуваат со зборовите: “одобрение за тип на возило“.

Член 6

Во членот 10 во ставот 2 зборовите: “ сертификат за хомологација“ се заменуваат со зборот“ одобрение“, а зборовите: “сертификат за хомологација на тип возила“ се заменуваат со зборовите: “одобрение за тип на возило“.

Член 7

Во членот 16 зборовите: “сертификат за сообразност на“ се заменуваат со зборовите: “одобрение за“.

Член 8

Во членот 18 зборовите: “издаден сертификат за хомологација на тип возило“ се заменуваат со зборовите: “издадено одобрение за тип на возило“.

Член 9

Во членот 19 зборовите: “сертификат за хомологација“ се заменуваат со зборот “одобрение“.

Член 10

Во членот 20 зборовите: “сертификат за хомологација на тип возило“ се заменуваат со зборовите: “одобрение за тип на возило“.

Член 11

Во членот 22 во ставот 1 зборовите: “сертификат за хомологација на тип возило“ се заменуваат со зборовите: “одобрение за тип на возило“.

Член 12

Во членот 27 зборовите: “31.03.2008 година“ се заменуваат со зборовите: “31.05.2008 година“.

Член 13

Во Прилогот 2 во колона 4а, зборовите: “типска хомологација“ се заменуваат со зборовите: “тип на возило“.

Член 14

Прилозите 3 и 4 се заменуваат со нови Прилози 3 и 4 кои се составен дел на овој правилник.

Член 15

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 25-2901/1
28 март 2008 година
Скопје

Министер,
**Вера Рафајловска,** с.р.

**Прилог 3**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**(надлежна институција)**

# ОДОБРЕНИЕ ЗА ТИП НА ВОЗИЛО

број ________

Издадено на :

________________________________________________

(име и назив на подносителот - барателот)

Марка на возилото : ____________________, тип: __________

(име на производителот)

Вид на возилото: ________________________________

Облик на каросеријата: ____________________________

Варијанти и изведби од наведениот тип на возило за кои важи

Одобрението: ____________________________________

________________________________________________

________________________________________________

Категорија на возилото: (по ECE) ______________ (по MKS M.NO.010) ________

Име и назив на

производителот:_________________________________

Назив на фабриката која го

произвела:_____________________________________

Име и адреса на

увозникот:_____________________________________

**Во согласност со техничките прописи што важат во Република Македонија, потврдуваме дека наведениот тип на возило одговара на прописите кои во Република Македонија го уредуваат подрачјето на возилата.**

**Согласно со наведеното е одобрена употребата на наведениот тип на возило во Република Македонија**

Ова одобрение важи само за наведениот тип на возило, неговите варијанти и изведби за кое е издадено. Доколку во рамките на истиот тип на возило се појават нови варијанти и изведби, кои отстапуваат од одобрените, потребно е пред почетокот на продажбата да се бара ново Одобрение.

Продавачот / увозникот* за секое возило, кое е наменето да се користи во Република Македонија, во фактурата го внесува бројот на ова одобрение за типот на возилото.

Право на користење на ова одобрение има исклучително правното или физичкото лице на кое е издаден и не може да се пренесува.

* непотребното да се прецрта

Скопје, датум ______________ Овластено лице:

м.п. ____________________

**Прилог 4**

| Деловоден бр. ______<br>Датум: ___________ | |
|---|---|

(Производител на возило ил овластен застапник-увозник – име и адреса)

# ИЗЈАВА ЗА СООБРАЗНОСТ НА ВОЗИЛОТО СО ТИП НА ВОЗИЛО

**Врз основа на Одобрението за тип на возило бр.______ во кое се наведени техничките податоци за возилото, издадено од страна на комисијата**

**(производителот на возило или овластениот застапник-увозник)**

**ИЗЈАВУВА дека подолу наведеното возило е во согласност со важечките технички прописи од областа на возилата, опремата и деловите кои можат да се вградат и/или користат на возилата на тркала во Република Македонија.**

**А. Основни податоци за возилото**

1. Вид:
2. Марка:
3. Тип (комерцијална ознака):
4. Идентификационен број (број на шасијата):
5. Тип / број на моторот:
6. Година на производство:
7. Силина на моторот (kW):
8. Работна зафатнина на моторот ($cm^3$):
9. Сопствена маса (kg):
10. Дозволена носивост (kg) (само за товарни возила):
11. Места за седење:
12. Места за стоење:
13. Места за лежење:
14. Форма на каросеријата:
15. Боја на каросеријата:
16. Број на оски (само за приклучни возила):

**Б. Останати податоци за возилото**

17. Техничка ознака на типот:
18. Варијанта и изведба на возилото:
19. Категорија на возилото: (по ECE) ____________ (по МКС М.Н0.010) ____________
20. Име и адреса на производителот:
21. Моделска година:
22. Погонско гориво:
23. Должина/широчина/височина (mm):
24. Меѓуоскино растојание (mm):
25. Дозволено оптоварување по оски (kg):
26. Најголема маса на приклучно возило: без кочници (kg) _____ со кочници (kg) _____
27. Дозволени пневматици:

Одговорно лице

МП ______________________

Забелешка: Оваа изјава се изработува во два примерока од кои едниот му се издава на сопственикот на возилото и истиот го предава при првата регистрација на возилото, а вториот примерок издавачот е должен да го чува во својата архива.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**721.**

Врз основа на член 67 став (4) од Законот за безбедност во железничкиот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија" број 40/07), министерот за транспорт и врски во согласност со министерот за внатрешни работи и министерот за здравство донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ПОСТАПКИ ПРИ ВОНРЕДНИ НАСТАНИ СЛУЧЕНИ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува поделбата, начинот и постапката за утврдување на причините, последиците, околностите под кои се случил и одговорноста за вонредните настани и подолг прекин на сообраќајот, начинот на известување на здравствените установи и Министерството за внатрешни работи за вонредниот настан и начинот на водењето на евиденција и другите податоци за вонредните настани.

Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) **загинато лице** е она лице кое со вонредниот настан, починало на самото место или починало најдоцна 30 дена по вонредниот настан како последица на повредите здобиени во вонредниот настан, освен во случај на самоубиство, убиство или природна смрт на лицата во железничкиот сообраќај;

2) **тешко повредено лице** е она лице чии телесни повреди здобиени во вонредниот настан бараат лекарска грижа или болничко лекување поради што тоа лице е онеспособено за работа најмалку 14 дена вклучувајќи го и денот на случувањето на вонредниот настан;

3) **лесно повредено лице** е она лице чии телесни повреди здобиени во вонредниот настан бараат интервенција на лекар или здравствена организација, а не спаѓа во групата на тешко повредено лице;

4) **поголем прекин на сообраќајот** е прекин на одвивање на железничкиот сообраај подолг од 6 часа;

5) **мал прекин на сообраќајот** е прекин на одвивање на железничкиот сообраај кој траел од 1 до 6 часа;

6) **материјална штета** е штета на возните средства, пругата, објектите, уредите и постројките, по цени кои важеле на денот на настанување на штетата, во која влегува и вредноста на трошоците за отстранување на последиците од вонредниот настан (материјал, работна сила и сл.);

7) **значителна материјална штета** е денарски износ на проценетата штета поголем од 1500 евра пресметан во денарска противвредност на денот на случувањето на тој настан;

8) **несреќа** е непосакуван или ненамерен нстан кој има штетни последици.

## II. ПОДЕЛБА НА ВОНРЕДНИТЕ НАСТАНИ ПО ВИДОВИ И ПРИЧИНИ

Член 3

(1) Вонредните настани во железничкиот сообраќај се делат по видови и причини.

(2) Вонредни настани по видови се:

1) инциденти;

2) несреќи и

3) сериозни несреќи.

(3) Инциденти се оние вонредни настани кои во вршењето на железничкиот сообраќај предизвикале помал застој при:

1) судар на возови, кога воз ќе удри во чело, страна или на крајот на друг воз, без разлика дали се движат двата или само еден од нив и независно од насоката на движење;

2) налет на воз, на маневарски состав, на група или одделни возила, кога стојат на колосекот или се движат;

3) лизгање на воз на едно или повеќе возила од возот или влечното возило;

4) пожар или експлозија, во кој настанал помал прекин во железничкиот сообраќај, без оглед дали се случиле во воз, на пруга или објект;

5) лизгање и налет на возила при маневрирање, на едно или повеќе возила;

6) судар, налет или лизгање на пружни возила, едно на друго;

(4) Несреќа е непосакуван или ненамерен вонреден настан кој се случил поради недозволено и невнимателно движење на лица, патнички возила и добиток, кои предизвикале поголем прекин во железничкиот сообраќај и може да бидат:

1) несреќа на патни премини од патни возила на кој сообраќајот е обезбеден со сигнално- сигурносни уреди за запирање на патниот сообраќај и најавување за приближување на возот;

2) несреќа на патните премини од патни возила на кои сообраќајот е обезбеден со сигнални знаци на патната сигнализација;

3) несреќа случени на патни премини по вина на недозволено движење на патници, на патни возила и добиток кои предизвикале прекин во железничкиот сообраќај при што е начинета поголема материјална штета;

4) несреќа на отворена пруга и

5) несреќа во службени места;

(5) Сериозни несреќи се вонредни настани случени при вршење на железнички сообраќај со загинување или тешки повреди на железнички работници и други лица како и причинување на поголема материјална штета како:

1) настрадани лица со удар од вагон или предмети паднати од вагон;

2) поголема штета од избегнат судар на возови кои недозволено се движеле;

3) причинета штета од поминување на воз покрај сигнал кој го забранува натамошното возење или недозволено поминување низ службено место;

4) од одрон на земја или карпи на пругата;

5) последица од извршување на работи на градилишта во близина на пругата;

6) последица од струен удар и

7) предизвикани со скокање од воз и во воз.

Член 4

Вонредните настани според причините се делат според тоа од што се предизвикани и тоа:

1) лични пропусти при вршењето на железничкиот сообраќај;

2) технички недостатоци на возните средства;

3) технички недостатоци на пругите и пружните постројки;

4) технички недостатоци на сигнално – сигурносни и телекомуникациони уреди;

5) технички недостатоци на стабилните постројки за електрична влеча;

6) виша сила и

7) невнимание и злонамерно дејствување на патници или трети лица.

Член 5

Вонредни настани случени поради лични пропусти при вршењето на железничкиот сообраќај или непридржување кон прописите може да бидат:

1) пуштање на воз на зафатен колосек;
2) пуштање на воз на зафатен меѓик;
3) истовремено влегување на возови чии патишта се сечат или допираат;
4) потфрлање и неправилно поставување на свртница;
5) отпрема на воз без дозволување или примена одјава;
6) поминување покрај сигнал кој го забранува натамошното возење;
7) поминување на воз низ службено место во кое требало да застане или тргнување на воз од службено место без отпрема;
8) неизвестеност на возниот персонал за влез на воз во свртување или на зафатен колосек;
9) ненавремено прекинување на маневрирање;
10) недозволено маневрирање преку сигнал (граница на маневрирање);
11) пречекорување на пропишаната брзина;
12) непрописно кочење;
13) ненавремено запирање на сообраќајот на патните премини;
14) непочитување на сигналните знаци за електрична влеча и
15) други настани (наидување на возила на лизгалка, погрешно манипулирање со постројките за секционирање на контактната мрежа, невнимание на железничките работници кои непосредно учествуваат во вршењето на железничкиот сообраќај).

Член 6

Вонредни настани се настани кои се случени поради технички недостатоци на возните средства и нивните погонски постројки заради неисправност на:
1) осниот склоп;
2) влечно - одбивниот уред;
3) уредот за кочење;
4) парниот котел и уредот за електрично греење;
5) погонските и помошните уреди на дизел возилата и
6) погонските и помошните уреди на електричните возилата.

Член 7

Вонредни настани случени поради технички недостатоци на пругата и пружните постројки може да бидат од:
1) прсната шина;
2) истрошен колосечен прибор;
3) гнили или деформирани прагови;
4) недостаток на колосечен застор;
5) непрописно растојание на шините – дилатација;
6) непрописен отвор на дилатационите направи и уредите за спречување на патување на шини и
7) техничка неисправност на свртница.

Член 8

Вонредни настани случени поради технички недостатоци на сигнално- сигурносните и телекомуникациските постројки може да бидат:
1) на станичните и пружните сигнално сигурносни уреди;
2) на уредите за обезбедување на патните премини;
3) на уредите за телекоманда на сообраќајот и
4) на телекомуникациските постројки.

Член 9

Вонредни настани случени поради технички недостатоци на стабилните постројки на електричната влеча може да бидат:
1) губење на напон во контактната мрежа поради губење на напон или дефект на напојните далеководи;
2) дефект во енергетските постројки во електровлечните потстаници и постројките за секционирање;
3) електричен пробив или прескок и дефект на самата контактна мрежа;
4) механичко оштетување на контактната мрежа поради кое доаѓа до вонреден настан при наидување на воз;
5) несоодветно реагирање на уредите и
6) електричната заштита на стабилните постројки на електричната влеча.

Член 10

Вонредни настани случени поради виша сила може да бидат:
1) лизгање од колосек;
2) одрон на теренот;
3) поплава;
4) буица;
5) завејувања од виулица;
6) нанос на снег;
7) атмосферско празнење и
8) пожар надвор од пружниот појас.

Член 11

Вонредни настани кои ги предизвикале патници или трети лица од:
1) напад на пруга;
2) напад на возови и возен персонал;
3) предизвикан пожар;
4) предизвикана експлозија;
5) намерен прекин на главниот воздушен вод;
6) намерен прекин на воздушниот или кабловскиот тлекомуникационен или сигнално- сигурносен вод и
7) невнимание на железнички работници кои настрадале по сопствена вина.

## III. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИЧИНИ, ОДГОВОРНОСТИ И ОКОЛНОСТИ ПОД КОИ СЕ СЛУЧИЛ НАСТАНОТ

Член 12

(1) Секој вонреден настан случен во железницата треба прво да биде пријавен на надлежните органи, служби и единици телефонски или со некој друг телекомуникациски уред како и во писмена форма.

(2) Вонредниот настан од ставот (1) на овој член го пријавува шефот на станицата на чие подрачје се случил, односно раководителот на локомотивското депо или депото на работилницата.

(3) Вонредниот настан кој се случил во станицата треба на најбрз начин да се пријави на отправникот на возови од таа станица или на диспечерот на телекоманда, а случениот настан на отворена пруга на отправникот на возови на најблиската станица.

(4) Кога отправникот на возови ќе дознае за вонреден настан кој се случил во станицата, на индустриски колосек или на отворена пруга, треба веднаш усно да го извести шефот на станицата а потоа да му поднесе и писмен извештај.

(5) Подрачјето на шефот на станицата го опфаќа: станичното подрачје и дел од отворена пруга, средината на растојанието меѓу таа станица, најоддалеченото службено место кое е под надзор на таа станица и соседното службено место. Километарската положба на границата на подрачјето, се внесува во одредбите на деловниот ред на станицата.

(6) Шефот на станица на чие подрачје се случил вонредниот настан треба веднаш да даде првични известувања, по телефон, на надлежните иституции кои учествуваат во комисијата за увид и иследување на вонредните настани.

(7) Во телефонското известување за случениот вонреден настан шефот на станица треба да нагласи дали за отстранување на настанатите пречки во сообраќајот е потребна помош од другите организациски делови за:

кревање на железничките возила, нивна поправка и преглед, поправка на пругата и пружните постројки и санитетска или некој друг вид на помош.

(8) Ако вонредниот настан се случил во станица, отправникот на возови треба да го изклучи напонот во контактниот вод на колосеците кои се опфатени со вонредниот настан, доколку тој е надлежен за исклучување, или да повика стручно лице.

(9) За вонреден настан кој предизвикува внимание на пошироката јавност (за загинати или потешко повредени лица) Македонските железници се должни преку печатените или електронските медиуми да ја известат јавноста со службено соопштение за причините за случување на вонредниот настан.

(10) За вонредните настани при воените превози, во кои се загинати или повредени воени обврзници, станиците и оперативната служба на Македонските железници итно го известуваат и Министерството за одбрана.

(11) Ако вонредниот настан се случил на гранична пруга во пограничен сообраќај меѓу станиците на смена на сообраќајот (станици во кои се врши примопредавање на возовите) и соседната погранична станица на соседната железница, станицата која прва ќе дознае за вонредниот настан треба за тоа по телефон и телеграма да ја извести другата погранична станица.

(12) Писмената пријава за вонредниот настан се поднесува на образецот С-76 кој е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

(13) Образецот од став (12) на овој член се составува во потребен број на примероци, од кој еден останува во блокот, еден е прилог на иследниот материјал, а останатите примероци се доставуваат до надлежните органи и служби.

(14) Пријавата на образецот од ставот (12) на овој член, покрај останатото треба да содржи: место и време, опис и причина за вонредниот настан, временски услови, учесници во вонредниот настан, состојбата утврдена на самото место, број на загинатите и повредените лица и приближна проценка на штетата. Доколку до поднесувањето на писмената пријава не е утврдена причината, тогаш во пријавата треба да се наведе: “причината се утврдува”.

Член 13

(1) За вонредните настани случени во железничкиот сообраќај каде што има повредени или загинати лица, шефот на станицата или друг железнички работник треба веднаш да ја извести најблиската здраствена установа и Министерството за внатрешни работи.

(2) Известувањето од ставот (1) на овој член се врши по телефон или друг телекомуникациски уред со телеграма и во писмена форма.

Член 14

(1) Доколку писмената пријава од член 12 на овој правилник не може да се достави до надлежните органи и служби, шефот на станицата кој дознал за вонредниот настан веднаш со телеграма ги известува надлежните органи и служби.

(2) Телеграмата со која се пријавува вонредниот настан треба да биде куса и јасна и да ги содржи следниве податоци:

1) ден, месец, година, час и минута кога се случил вонредниот настан;

2) број на воз. серија и број на влечното возило;

3) место на случување, име на станицата или депото, број на колосекот и свртницата, а за отворена пруга километарската положба и имињата на соседните станици;

4) краток опис на настанот и причина;

5) дали има загинати, тешко и лесно повредени лица и број на загинати односно повредени;

6) серија и број на лизнати и оштетени возила, за странски возила сопственост на железницата, а кај вагоните дали се празни, товарени и со какава стока се товарени;

7) оштетување на стабилните постројки на електричната влеча;

8) предвидено траење на прекинот на сообраќајот;

9) приближна штета според првична проценка;

10) за воени транспорти и број на транспортот;

11) преземени мерки за расчистување и воспоставување на сообраќајот и

12) за предизвикан пожар да се внесе: место, објект, големина на пожарот, број на возот кој последен пат поминал ибројот на локомотивата.

Член 15

(1) Доколку во вонреден настан има загинати или повредени патници или железнички работници се превземаат посебни постапки.

(2) За патници од ставот (1) на овој член се сметаат:

1) лица кои поради патување се наоѓаат во едно од средствата наменети за вршење на јавен железнички превоз;

2) лица кои се наоѓаат во кругот на службените места или во непосредна близина на превозното средство пред влегување, односно излегување за кои ќе се докаже дека имале намера да патуваат со соодветното превозно железничко средство;

3) за патници исто така се сметаат и лица кои имаат право на бесплатно возење и

4) придружниците на пратки.

(3) За железнички работници од ставот (1) на овој член се сметат:

1) возниот персонал што го поседнува возот ;

2) пружниот и станичниот персонал и

3) персоналот кој работи на пругите и пружните постројки.

(4) За загинати или повредени лица од ставовите (2) и (3) на овој член, комисијата составува записник во четири примероци од кои еден му се врачува на повреденото лице или негов полномошник, еден примерок се испраќа на осигурителното друштво, еден за надлежната комисија и еден во архивата.

(5) Записникот за повредени или загинати лица од ставот (4) на овој член се изготвува на образец С – 77 кој е даден во Прилог бр.2 и е составен дел на овој правилник.

(6) Мерки кои треба да ги превземе возоводителот на возот или машиновозачот (ако нема возоводител), доколку вонредниот настан се случил на отворена пруга се:

1) да го закочи возот и заштити загрозеното место;

2) да утврди дали во возот има загинати и повредени лица, да побара лекар во возот или најблиската околина и

3) телефонски да ја извести најблиската станица, а доколку настанало пречка на средствата за комуникација да испрати писмен извештај со возната локомотива на возот или по воз кој сообраќа по паралелен колосек (доколку има паралелна пруга) а ако такви можности нема, по работник од возниот или пружен персонал до најблиската станица.

Член 16

(1) Работите за утврдување на причините, последиците, околностите и одговорностите под кои се случил вонредниот настан ги врши комисијата за увид и иследување ( ви натамошниот текст :комисија) која треба да:

1) утврди колку лица има загинати и повредени во настанот;

2) ги утврди околностите под кои вонредниот настан се случил;

3) го утврди степенот на оштетување на пругата, пружните постројки и возилата;

4) собере податоци за проценка на материјалната штета потребни за комплетирање на иследничкиот извештај;

5) испита и да даде мислење за причините кои го предизвикале вонредниот настан;

6) определи кога може да започне расчистувањето и одвивањето на железничкиот сообраќај и

7) им предложи мерки на надлежните органи за спречување на нови вонредни настани;

(2) При иследување на тешки несреќи во работата на комисијата можат да учествуваат и други претставници од надлежни државни органи кои ќе ги одреди управителот на железничката инфраструктура и превозниците.

Член 17

(1) Работата на комисијата на местото на случување на вонредниот настан опфаќа:

1) заштита на трагите од вонредниот настан,особено доколку на самото место треба да излезат органи на Министерството за внатрешни работи, јавен обвинител или истражен судија;

2) увид со детално писмено констатирање на трагите на железничките возила, пругата или постројките;

3) фотографирање на положбата на возилата, пругата и пружните постројки, со фотографирање на карактеристични детали од вонредниот настан;

4) изработка на скица на местото и сите последици од вонредниот настан;

5) вршење на деталeн преглед на возилата, пругата и постројките;

6) прибирање на изјави од учесниците и очевидците на вонредниот настан;

7) прибирање на изјави од персоналот кој учествувал во вонредниот настан, со податоци за: нивната физичка, психичка и здравствена состојба, способноста и физичката подготвеност непосредно пред започнувањето на нивната работа;

8) утврдување на штетата причинета од вонредниот настан;

9) назначување на потреба од евентуална реконструкција на вонредниот настан, ако тоа е потребно поради расветлување на одделни моменти за точно да се одреди причината и

10) составување на комисиски иследнички извештај за увидот и иследувањето на вонредниот настан.

Член 18

(1) Комисијата откако извршила увид и ги утврдила причините за вонредниот настан, презема иследување за да ја утврди одговорноста на учесниците во вонредниот настан, со сослушување на возниот и пружен персонал, сведоци, очевидци и повредени, а ако е потребно врши и нивно соочување.

(2) Комисијата утврдува дали вонредниот настан го предизвикал работник кој конзумирал алкохол за што спроведува постапка, во што е можно покус рок, а најдоцна во рок од 2 часа од моментот кога се забележани знаци на присуство на алкохол во организмот. Утврдувањето на присуство на алкохол го врши комисијата со алкостоп за што се составува записник.

(3) Комисијата го завршува иследувањето кога ќе утврди дека состојбата на работите при иследувањето е доволно јасно, со составување на комисиски иследнички извештај.

(4) Иследничкиот извештај за увид и иследување на вонредниот настан е даден во Прилог бр. 3 кој е составен дел на овој правилник.

(5) Иследувањето треба да се спроведе во што е можно пократок рок, а најдоцна за 15 дена од денот на случувањето на вонредниот настан и во тој рок комисијата треба да поднесе комисиски иследнички извештај со иследен материјал до надлежните органи и служби.

(6) Во рок од 10 дена од случениот вонреден настан надлежните стручни служби на Македонските железници треба на комисијата да и достават проценка на материјалната штета кој ќе овозможи потполно согледување на вонредниот настан и утврдување на одговорноста на работниците кои непосредно учествувале во вршењето на железничкиот сообраќај.

(7) Во рок од 30 дена од денот случувањето на вонредниот настан иследувањето треба да биде завршено, и во рок од 3 дена од денот на завршување на иследувањето да биде упатено на надлежниот орган за изрекување на мерки поради сторените повреди на работните обврски.

Член 19

(1) Комисискиот иследнички извештај треба да биде резултат на сите објективно и совесно испитани факти и околности од претходниот наод врз основа на кои се доаѓа до потребните заклучоци за вистинските причини, одговорност на персоналот или на други лица.

(2) Иследничкиот извештај од ставот (1) на овој член треба да содржи:

1) воведен дел, кој го содржи предметот на вонредниот настан а особено:

- датум и место на составување;

- вид на вонредниот настан, датум и место каде што тој се случил и

- состав на комисијата.

2) описен дел, кој го содржи описот на вонредниот настан и тоа:

- околности под кои дошло до вонредниот настан;

- вид и број на возот;

- вид и број, место и положба на влечното возило кај возот;

- состојба на брзиномерот (брзина на возење, ознака за неповредената пломба на брзиномерот, анализа на брзиномерната лента);

- положба на регулаторот, ревизорот и командната рачка за забрзување и менување на насоката на возењето и состојбата на автоматскиот уред за контрола на будноста;
- состав и маса на возот;
- состојба на пантографот и контактниот вод (под напон или без напон);
- температура, време и прегледност;
- лични податоци за персоналот кој директно учествувал во вонредниот настан, за неговата здравствена состојба, физичка способност пред започнувањето на службата, со преглед за времето поминато во служба за последните 72 часа и дали имаат положен стручен испит;
- отстапување од одредбите на деловниот ред на станицата, технолошкиот процес на работа и посебните упатства и наредби;
- лични податоци за загинатите и повредените патници, дали настрадале по своја вина, по вина на други лица или како последица на околности;
- лекарски наод за резултатот од прегледот на повредените и траењето на работната неспособност;
- лични податоци за загинатиот и повредениот железнички персонал, со лекарски наод;
- материјална штета на пругата, објектите, постројките и возилата, трошоци за кревање и останато;
- материјална штета на стоката и приватниот имот;
- траење на прекинот во сообраќајот, кои возови и колку задоцниле;
- почеток и завршување на расчистувањето на пругата.

3) заклучен дел кој содржи:
- причина за вонредниот настан која е утврдена врз основа на фактите и околностите;
- мислење на комисијата во поглед на одговорноста на непосредите учесници од персоналот, со наведување на нивните лични податоци;
- особени забелешки на комисијата при проучување на организацијата на работа и начинот на раководење во односното службено или работно место (локални упатства, деловен ред на станица, технолошки процес на работа и сл.).
- технички недостатоци на средствата поради кои вонредните настани се повторуваат или можат да се повторат;

(3) Комисијата треба да наведе конкретни предлози и мерки кои треба да се преземат во одреден случај, како и мислење за мерките за спречување на нови вонредни настани во врска со овие забелешки.

(4) Секој член на комисијата има право да го издвои своето мислење за вонредниот настан, ако не се согласува со останатите членови во поглед на донесениот заклучок на комисијата или на делови во извештајот на комисијата, кое се наведува во продолжение на иследничкиот извештај, под потписите на членовите на комисијата. Членот на комисијата кој го издвојува мислењето е должен детално да ги изложи фактите и причините врз основа на кои го дава мислењето и тоа да го потпише.

(5) Комисијата кон иследничкиот извештај треба да приложи:

1) пријава за вонредниот настан, образец С-76 од Прилогот бр. 1 на овој правилник;

2) претходен наод за состојбата на работите кај вонредниот настан, образец С-77, од Прилог бр.2 на овој правилник;

3) опис на составот на возот - шематски прикажани возилата по редослед, каде што кај секое возило треба да се означи: број, серија, сопственост, тип на воздушна кочница, дали вагоните се товарени или празни, маса на товарот и тара на вагонот; опис на составот на возот;

4) шематски приказ на случениот вонреден настан;

5) записници од сослушувањето на сите сослушани работници, повредени лица и сведоци;

6) скица и фотографии од вонредниот настан;

7) графички преглед за службата на персоналот за последните 72 часа пред вонредниот настан;

8) патен лист со прилози;

9) копии од телеграфскиот, телефонскиот и сообраќајниот дневник и други образци кои се однесуваат на вонредниот настан, а кои ги заверува комисијата;

10) брзиномерна и регистрофонска лента, односно записник за читање на брзиномерната лента и записник за преслушување на регистрофонската лента, доколку тоа комисијата го смета за потребно;

11) регистрофонската лента на која се снимени службените разговори значајни за разјаснување на одделни моменти од вонредниот настан;

12) пресметка за штетата за оштетените и уништените возила како и трошоци за кревање на возилата;

13) пресметка за штетата за оштетената пруга и за трошоците за поправка на пругата;

14) пресметка за штетата за останатите оштетени постројки и за трошоците за нивна поправка;

15) скица за прекршување на оска, тркало или венец на тркалото;

16) копија од записникот за оштетување на стоката, односно записник за оштетување на имотот на трети лица;

17) список на лица за кои е направен записник за несреќен случај и записниците за несреќни случаи за повредените патници;

18) лекарски наоди за повредените лица;

19) пропишани пријави за несреќа на работа за загинати и повредени железнички работници;

20) податоци за одговорноста и за претходно изречените мерки за осомничените работници и

21) на кои државни органи и установи е пријавен вонредниот настан.

Член 20

(1) Доколку неможат да се разјаснат фактите за вината на повредените или загинати лица и причинетата материјална штета до кои се тежнее да се дојде и проверат прикажаните моменти во скицата на комисијата, се врши реконструкција на вонредниот настан.

(2) Реконструкцијата од ставот (1) на овој член, треба да се изврши под исти околности под кои претходно се случил настанот, како би можело да се дојде до правата материјална и друга вистина.

(3) За да се спроведе саканата цел од ставовите (1) и (2) на овој член, потребно е:

1) да се земе во предвид претходниот наод и сите документи од кои е сочинет тој наод;

2) да бидат ангажирани и други стручни лица, комисии или групи доколку за тоа има потреба;

3) на самото место да бидат присутни лицата кои се спомнуваат дека се учесници во настанот;

4) да се врши во идентично време и под исти временски услови под кои настанот се случил;

5) возот да биде во ист состав и

6) сигнално - сигурносните средства и останатите постројки да се поставaт во иста положба во какви што биле за време на настанот.

(4) За реконструкцијата на настанот треба да се води записник кој ќе биде составен од 3 дела и тоа:

1) воведен;

2) описен и

3) заклучен.

(5) Записникот за реконструкција на вонредниот настан е со содржина согласно иследничкиот извештај од членот 18, став (2) на овој правилник.

Член 21

(1) После секој вонреден настан, поради кој е дојдено до прекин на железничкиот сообраќај, откако комисијата и другите надлежни ја завршиле својата работа, треба да се пристапи кон итно расчистување на загрозениот дел од пругата, како би се нормализирал сообраќајот.

(2) За да се нормализира сообраќајот, управителот на железничката инфраструктура формира служба за интервенции која е опремена со средства и стручен персонал.

(3) Во средства кои се потребни за интервенирање на настанот спаѓаат пружна дигалка и помошен вагон формирани во воз, опремени со сите потребни помошни приручни средства.

(4) Потребниот стручен и работен персонал за интервенции треба да биде составен од:

1) раководител на сообраќајно – транспортната дејност со потребен број на стручен персонал кој управува со сообраќајот на местото на настанот;

2) раководител на организацискиот дел надлежен за одржување на пругите со потребен број на стручен и работен персонал за оспособување на пругата и доведување на елементите од горниот строј за сообраќај;

3) раководител на организацискиот дел надлежен за одржување на стабилните постројки на електричната влеча со потребен стручен и работен персонал за обезбедување на местото на настанот од влијанија на напонот како и подготовка на контактната мрежа за ставање во функција.

4) раководител на организацискиот дел надлежен за одржување на сигнално – сигурносните и телекомуникациските уреди со потребен број на стручно – технички и работен персонал кој ќе ги доведе сигналите и сигналните уреди во исправна состојба.

(5) Помошниот воз на местото на настанот се упатува на барање на шефот на станицата, оперативната служба, раководителот на организационата единица за сообраќај или комисијата која го иследува вонредниот настан.

## IV. НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА И ДРУГИ ПОДАТОЦИ ЗА ВОНРЕДНИТЕ НАСТАНИ

Член 22

(1) За вонредните настани случени на пругите на македонските железници се води соодветна евиденција.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води на образец С – 81, книга за водење на евиденција на вонредните настани.

(3) Формата и содржината на образецот С – 81- книга за евиденција на вонредните настани е даден во Прилог бр. 4 и е составен дел на овој правилник.

Член 23

(1) На крајот на месецот, по последниот заведен вонреднен настан, се заклучува евиденцијата за тој месец и се прави рекапитулација според видот, причините и последиците, а податоците од оваа рекапитулација се внесуваат во статистичкиот извештај за вонредните настани.

(2) Статистичкиот извештај за вонредните настани од ставот (1) на овој член се води на образец Ст – 79.

(3) Формата и содржината на образецот Ст – 79 – статистички извештај за вонредните настани е даден во Прилог бр. 5 и е составен дел на овој правилник.

(4) Статистиката за вонредните настани ги опфаќа податоците за вонредните настани кои се случиле при вршење на железничкиот сообраќај, на патните премини и надвор од нив.

(5) Статистичките податоци за вонредните настани се водат секој месец на статистички извештај за вонредни настани , според предвидените рубрики во него и тоа според видот, местото каде се случиле, причините поради кои се случиле и последиците.

(6) За објавување на статистичките податоци за вонредните настани во железничкиот сообраќај се составува статистички извештај за воведените постапки и изречените мерки поради повреда на работните обврски на работниците учесници на вонредните настани.

(7) Статистичките извештаи за вонредните настани и други соодветни податоци, за состојбата на безбедноста на железничкиот сообраќај, после секој случен настан му се доставуваат на Министерството за транспорт и врски како и на Заводот за статистика програмата за статистички истражувања.

(8) За вонредните настани се водат и статистички анализи, со кои ќе се врши споредување со веќе случените настани во изминатите месеци или години и ќе се согледаат односно отстранат причините поради кои биле предизвикани.

(9) Анализата за вонредните настани се води исто така на образецот Ст– 79.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на евидентирање, статистичко следење и објавување на податоци за вонредните настани случени во железничкиот сообраќај и за други појави од значење за безбедноста на железничкиот сообраќај ЗЈЖ бр. 58/2-92 ("Службен гласник на ЗЈЖ" бр.3/920) и Упатството за постапките во случај на вонреден настан ЗЈЖ бр. 58/12-92 9 ("Службен гласник на ЗЈЖ" бр. 9/92).

Член 25

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13.1-9889/1
14 февруари 2008 година
Скопје
Министер
за внатрешни работи,
**Гордана Јанкулоска,** с.р.

Бр. 01-1849
30 јануари 2008 година
Скопје
Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески,** с.р.

Бр. 07-3390/1
28 февруари 2008 година
Скопје

Министер за здравство,
**Имер Селмани,** с.р.

Македонски железници

**Прилог бр. 1**
**Образец С – 76**

## ПРИЈАВА ЗА ВОНРЕДЕН НАСТАН

На ден _______________ 20 _____ г. во ____________________________
(место, профил)
во час _____________ мин _______ се случи следново _____________________

_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________

____________________________________________________________
____________________________________________________________

___________________ 20 ___ год.

м.п

Шеф на станица

___________________

## ЗАВРШУВАЊЕ НА ИСЛЕДУВАЊЕТО

Причина: ________________________________

**Последици**

усмртени: ______________
повредени: ______________

**Материјална штета:**

| | |
|---|---|
| на пруга | ден. ___________________ |
| на постројки | ден. ___________________ |
